РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општина Демир Хисар

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
Municipality of Demir Hisar

Бр. 09- 565/1
25.06.2019
Демир Хисар


Општина Демир Хисар
"Битолска" бб
7240 Демир Хисар
Demir Hisar Municipality
"Bitolska" bb
7240 Demir Hisar
Тел/tel: 047 552 661
opstinademirhisar@yahoo.com
www.demirhisar.gov.mk


До
**Месните заедници на Општина Демир Хисар**

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**

Се известуваат граѓаните на месните заедници дека Општина Демир Хисар и ЈКП Комуналец Демир Хисар, водејќи се од заложбите за заштита на животната средина преку намалување на неконтролираното фрлање на смет на територијата на општината, овозможуваат услуга за однесување на сметот и од месните заедници каде досега немаше таква активност.

Услови за да се спроведе оваа активност се следниве:

-Најмалку половината од активните домаќинства на месната заедница писмено да потврдат дека се заинтересирани за однесување на сметот и

-Секое заинтересирано домаќинство да набави канта за смет од ЈКП Комуналец Демир Хисар која е со цена од 1000 денари и може да се плати на четири еднакви месечни рати

Се задолжуваат претседателите на месните заедници во најкус можен рок да ги известат граѓаните за ова и доколку соодветната месна заедница ги исполни овие два услови, ЈКП Комуналец ќе организира спроведување на оваа активност.

Претседателите на месните заедници со список од заинтересираните граѓани да се обратат до ЈКП Комуналец Демир Хисар за склучување на соодветен договор.

Општина Демир Хисар за потребите на ЈКП Комуналец набави 145 контејнери и 500 канти кои исто така ќе служат за таа намена.

Услугата за одведување на сметот, ќе чини 50 денари за секое домаќинство за едно празнење на кантите или контејнерите.

Тоа ќе се спроведува по потреба, најмалку еднаш а најмногу четири пати месечно.

Горенаведеното не се однесува на месните заедници каде што ЈКП Комуналец веќе врши однесување на сметот и тоа Демир Хисар, Мургашево, Суводол, Кутретино, Рудничка населба, Слепче и Прибилци.

Напоменуваме дека во периодот што претстои Општина Демир Хисар преку своите инспекциски служби ќе ја зајакне контролата на неконтролираното фрлање на смет и ригорозно ќе го спроведува законот во делот на казнената политика.

**јуни 2019**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник**
**Марјанче Стојановски**